**OP{TINA PROBI{TIP**
*ul.Jakim Stojkovski br 1*
*Tel: **032 48 31 31**; faks: **032 48 30 47***
www.probistip.gov.mk

Врз основа на оддржаната осма седница на Стручно оперативната група за општина Пробиштип, одржана на ден 06.04 2020 година во салата при Домот на културата „Злетовски Рудар“ Пробиштип беа донесени следниве:

# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Стручно оперативната група од општина Пробиштип за борба против ширењето на корона вирусот, согледувајќи ја актуелната состојба во општината за детектирање на мерки кои даваат резултат во превентивното и оперативното делување и постапување и посветено работи на ублажување и намалување на последиците од вирусот.Досега вкупно имаше 57 решенија за самоизолација а во моментот нема нови лица. Имаме четири тестирани случаеви од кои двајца се негативни, а за двајца се чекаат резултати. По однос на прекршување на полицискиот час имаме вкупно девет прекршувања од кои за време на викендот се три лица а кај едно лице се повторува прекршувањето. Исто така и имаме злоупотреба на користењето на дозволите на лица кои се работно ангажирани за време на полицискиот час.Напоменуваме дека издадените дозволи да не се злоупотребуваат и истите важат само за работно ангажирање.
2. ЈКП„Никола Карев“ понатаму да дејствува и постапува по однос на оперативниот план за дезинфекција на улиците , јавните површини, паркови, плоштад и др. а истото да го врши и на места каде се собираат поголем број на граѓани:маркети, аптека, поштите, банки(банкомати) бензински пумпи, такси компании и сл.Исто така да се врши дезинфекција и по влезовите на станбените згради над осум станари.
3. По однос на барањето на граѓани кои тргуваат на Градскиот пазар , Стручно оперативната група (кризен штаб) одлучи да и поннатаму истиот не работи туку граѓаните да се снабдуваат со овошје и зеленчук од пиљарниците од градот но стриктно почитувајќи ги препораките и мерките на Владата на РСМ.
4. Досегашните превентивни и оперативни мерки кои ги преземаат сите релевантни чинители од општината Пробиштип дава резултат, бидејќи сме помеѓу 10 општини во државата кои сеуште нема појавено позитивен случај на лице заболено со Ковид-19. Но опкружени сме со општини каде веќе имаме смртни случаеви како Кочани, Куманово, Штип. Затоа апелираме да крајно одговорно, дисциплинирано и совесно ги применуваме мерките за лична и колективна дисциплина и да ОСТАНЕМЕ ДОМА со што му оневозможеме на вирусот да се шири и прави злодела.
5. Поради опкружувањето на општини каде веќе на картата на РСМ се одбележени како нашата и спречување на ширењето на животно

згрижувачкиот вирус во нашата општина Стручно –оперативната група одлучи да се воспостави три пункта и тоа:

А).Пред бензинската станица на МАкпетрол;

Б).Пред мостот во населбата Пробиштип

В).Кај с.Ратавица

За дезинфекција на возилата  и контрола на сите лица кои доаѓаат во Пробиштип.

6. Препорачуваме на приватните форми да се реорганизираат во извршувањето на производниот процес во смена и се намали присуството на вработените во една смена, можност за користење на одмор и почитување на препораките на Владата на РСМ.
7. Со новите рестриктивни мерки се ограничува движењето и препорачуваме на граѓаните кои работат и живеат во други градови од државата особено Скопје, Куманово, Кочани, Штип и др. како наши сограѓани да се воздржат од меѓусебни посети особено за престојните верски празнувања.

Апелираме несовесните граѓани да ги почитуваат пропишаните мерки и да не ги стават во опасност останатите граѓани, сите да учествуваме и допринесуваме за колективниот имунитет на општината.

Претседател на оперативна група

__________________________

Д-р Ристе Петков